# Како да го намалите ризикот од преплатување



## Reducing the Risk of Overpayment—Macedonian

Преплатувањето на Family Tax Benefit Part A (Даночна бенефиција за семејства, дел А), Family Tax Benefit Part B (Даночна бенефиција за семејства, дел Б) или Child Care Benefit (Додаток за детска грижа) (како намалени исплати) може да предизвика загриженост, меѓутоа важно е да запомнете дека ако се случи тоа, нема да ве обвинуваат дека сте извршиле незаконско дело.

Во најголем број случаи, до преплатување доаѓа затоа што луѓето проценуваат дека ќе остварат помал приход. Семејствата може да имаат повисок приход во една финансиска година затоа што, на пример, некој во семејството се вработил на нова работа со повисока плата, заради покачување на платата, измени во исплатите за детска издршка, прекувремена работа, бонус, или ако се вработи уште еден член во семејството.

## Ризикот е поголем да вепреплатуваат ако вашето семејство:

- приход помеѓу $42,000 и 61,000; **или**
- приход од $94,000 или повеќе; **или**
- главен приход од $140,000 или повеќе; **или**
- има повеќе од едно лице кои остваруваат приход; **или**
- приходот се менува заради нередовна работа на смени, прекувремена работа или бонуси; **или**
- има приход чија висина тешко може да се процени затоа што работите на повик, работите на провизија или со договор, или ако сте добиле бонус или еднократна исплата како технолошки вишок; **или**
- приходот е од деловна работа или самовработување; **или**
- вклучува дете кое може да заработува $12,287 или повеќе.

Сите стапки за приходот се важечки од 01.07.2008.

До преплатување исто така доаѓа кога се менуваат околностите во кои се наоѓа семејството и Family Assistance Office (Служба за помош на семејствата) не знае за тоа.

## Како можам да го намалам ризикот од преплатување?

### Разгледајте ја можноста да ви плаќаат годишно

Годишните исплати на Family Tax Benefit и Child Care Benefit значително го намалуваат ризикот од преплатување. Исто така, можете да примате Family Tax Benefit Part A според основната стапка на исплата, а остатокот да го добиете на крај на годината со што исто така се намалува ризикот од преплатување.

## Ако за вашето семејство е најдобро да ги прима исплатите на Family Tax Benefit и Child Care Benefit секои две недели како намалени исплати, тогаш треба:

### Да осигурате вашата проценка на приходот да биде точна

Со сите измени кои можат да се случат во семејствата, треба да следите колку изнесува вашиот приход и да ги информирате во Family Assistance Office ако проценката на вашиот приход се измени. Ако ви се измени приходот, можеби ќе треба да примате повеќе социјална помош, или можеби примате премногу. Ако примате повеќе отколку што треба, на крајот на финансиската година ќе ви побараат да ги вратите парите.

We speak your language ✆ 13 1202

www.familyassist.gov.au

Australian Government
Family Assistance Office

Надплатите на Family Tax Benefit и Child Care Benefit може да се вратат со други плаќања на Family Tax Benefit вклучувајќи додатни плаќања на крајот од годината. Надплатите на Family Tax Benefit може, исто така, да се вратат од повраќаи од данокот. Важно е вие и вашиот партнер да поднесете даночна пријава (или да го известите Family Assistance Office ако нема потреба да поднесувате даночна пријава). Сите надплти ќе треба во целост да се вратат.

## Ако се случи нешто, брзо преземајте мерки

Ова е една од најважните работи што треба да ја направите за да им помогнете во Family Assistance Office точно да ви исплаќаат.

## Следува список на видовите на работи кои треба да ве предупредат дека треба да се јавите во Family Assistance Office:

- Семејниот приход се изменил, имате нова работа, се враќате на работа, сте ја изгубиле работата, работите повеќе часа, платата ви се покачила, заработувате зголемени профити во деловното работење или од дивиденди на вложени средства, сите овие работи прават разлика колку би можеле да добивате.
- Ви се изменила брачната состојба.
- Ако почнете да се грижите за дете или престанете да се грижите за некое од децата.
- Се изменила исплатата за детска издршка.
- Ако излезете од Австралија (вклучувајќи ги кратките патувања и одморите).
- Има измени во чувањето на децата.
- Ако некое од децата почне или престане да оди на училиште.
- Ако дојде до измени во заедничката грижа за децата.
- Ако сметате дека вашето дете на возраст над 16 години ќе заработи $12,287 или повеќе.
- Ако ја промените адресата.

## За да ги известите во Family Assistance Office за било какви измени или за повеќе информации:

- Телефонирајте за информации на македонски јазик од понеделник до петок во Family Assistance Office (Служба за помош на семејства) на **13 1202** меѓу 8.00 ч. Наутро и 5.00 ч. попладне (време на источната зона).
- Посетете ги Интернет страните **www.familyassist.gov.au**
- Посетете ја најблиската канцеларија на Family Assistance лоцирана во канцелариите на Medicare Australia, Centrelink Customer Service Centres и Australian Taxation Office.